**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод промоција на нови 149 подофицери во чин водник во Армијата на Република Северна Македонија**

27.12.2022 година – Касарна „Алексо Демниевски Бауман" – Велес

Да се биде припадник на македонската Армија значи да се има честа да бидете штитот на суверенитетот, територијалниот интегритет на нашата држава, да ги чувате безбедни нашите граѓани, да го одржувате мирот и сигурноста за сите нас.

Денешниот ден носи и нова одговорност во вашите животи, бидејќи од денес вие сте тие кои ќе ги водите младите војници, вие сте тие во чии одлуки тие треба безрезервно да веруваат.

Вие бевте предложени од страна на вашите претпоставени, благодарение на вашите способности и подготвеност, но и поради тоа што веруваа во вас и во вашите капацитети дека токму вашиот индивидуален квалитет може дополнително да придонесе за развој на Армиските капацитети.

Бидете горди на ова ваше постигнување, но не застанувајте тука. Продолжете со вашата иницијативност и упорност и бидете пример за останатите. Вие сте клучна алка во синџирот на Армијата. Вие сте првите што стоите до нашите професионални војници. Вие сте првите кои ќе им го пренесувате своето искуство на новите војници. Вие ќе им бидете први другари, затоа што токму вие ќе бидете тие кои ќе им ги дадете вистинските насоки да станат вистински професионалци. Затоа покажете им со свој личен пример како се сака Армијата и како се сака државата.

Вие сте новите лидери кои благодарение на досегашното стекнато искуство ќе дадете значаен придонес во развојот и одржувањето на борбената готовност на нашата Армија.

Наскоро ќе ви се придружат вашите нови ученици. Утре ја правиме промоцијата на новите професионални војници. Со ова заокружуваме една убава година во која донесовме многу заеднички одлуки во корист на подобрување на условите, стандардите за припадниците на Армијата.

Но, не застануваме тука, ќе продолжиме да работиме и да одговориме на барањата на Генералштабот и ќе направиме се за да Армијата биде соодветно пополнета, но и истовремено модернизирана согласно стандардите.

Наша обврска е да креираме кадар, но услови и современи алатки за работа, и да одговориме на вашите потреби кои дополнително влијаат на јакнењето на мотивацијата.

Сега пред вас се отвораат нови врати, нови можности за доедукација и усовршување, курсеви и обуки во сојузничките земји каде ќе го надградите вашето знаење..

Упатувам благодарност и истовремено им честитам на вашите инструктори и обучувачи од Командата за обука и доктрини, но и од останатите единици, кои во овие два месеци активно придонесоа во произведување на овој значаен кадар.

Од вас почитувани подофицери очекувам чесно да и служите на татковината и заедно со вашите колеги да ја оправдате довербата.

Да живее Армијата на Република Северна Македонија!

Да живее Република Северна Македонија!